Врз основа на член 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021“), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, се објавува

# К О Н К У Р С

за избор на наставници во сите наставно-научни звања и за избор на соработници на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања и за избор на соработници на Универзитетот во Тетово:

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Социологија на масовните комуникации и информации, Социологија на политиката (51122, 51102 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден асистент во сите наставно-научни звања од областа на Историја на арапската и персиската книжевност (61215 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
3. Еден асистент во сите наставно-научни звања од областа на Историја на турската книжевност (61209 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
4. Еден асистент во сите наставно-научни звања од областа на Ориентални и други филологии (64008 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Управно право (50802 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Криминалистичка методика (51601 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Фискална економија, Друго (50308, 50329 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**Услови за  наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор:**

- одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
- диплома од завршени додипломски студии;
- диплома од завршени магистерски студии;
- диплома за научното звање доктор по науки од научната област во која се избира;
- кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
- список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
- кратка биографија (CV);
- да го приложи трудот од докторската дисертација;
- потврда за познавање странски јазик;
- познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство.

**Услови за соработничко звање:**

- диплома за звањето  магистер на науки од научната област во која се избира;
- кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
- список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
- кратка биографија (CV);
- да го приложи магистерскиот труд;
- потврда за познавање странски јазик;
- познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство.

*****Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор во наставно-научни звања и соработнички звања, предвидени со членовите 166 и 170 од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при  Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**